УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН

ЈОСКА



ГОДИНА III БРОЈ 21 ФЕВРУАРИ 2026

СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ГЕВГЕЛИЈА

РЕДАКЦИЈА

УРЕДНИК:
МЕДИУМСКИ КЛУБ „ЈОСКА“
за Клуб „Јоска“: ТОНИ АВРАМОВ

ЗАМЕНИК - УРЕДНИЦИ:
АНДРЕЈ ДИМОВ
ЛЕАНА ЈАНКОВСКА
ТИЈАНА ГОЦКОВА

ФОТОГРАФИЈА:
МАТЕЈ АВРАМОВ
АНДРЕЈ ДИМОВ

НОВИНАРИ:
МЕЛИТА БУРМУЗОВСКА
ТИЈАНА ГОЦКОВА
ЈОВАН ГРОЗДАНОВ
ТИЈАНА АТАНАСОВА
ЛЕАНА ЈАНКОВСКА





Ученик на генерација 2026: Ѓорги Новаковски

Содржина

ТИЈАНА ГОЦКОВА: Медалот е само резултат – вистинската победа е она што го носиш со себе 6

Колумни
ТИЈАНА АТАНАСОВА: Еден ден без телефон 10

ЈОВАН ГРОЗДАНОВ: Музиката што ја слушаме 12

АНДРИЈАНА ЏИНОВА: Кога учењето станува вистинска комуникација
Леана Јанковска 14

25 Септември
- Ден на фармацевтите
- Нов кабинет за профилот Забен техничар 17



Во современото општество социјалните мрежи ги заменуваат традиционалните. Но и понатаму приматот за точна, прецизна и веродостојна информација ја имаат токму тие: телевизијата, радиото и весникот.

Наишиот обид е да се зачува традицијата на едно време, но и да докажеме дека и ние младите сè уште ги негуваме старите навики на пишување.

Медиумскиот клуб „Јоска“ можеби ги нема предизвиците на возрасните новинари, но затоа ја има задачата да ги едуцира своите читатели како да дојдат до точни и веродостојни информации.

Младите новинари од Клуб „Јоска“ ги разоткриваат полека но сигурно вистинските општествени вредности.

Тони Аврамов

СЕКОЈА НОВА УЧЕБНА ГОДИНА Е ЕДНО НОВО ПОГЛАВЈЕ ВО КНИГАТА НА НАДЕЖТА!

Овојпат, пред нас се нови концепции, нови програми и нови патеки по кои треба да чекориме. Можеби некои од нив ќе бидат непознати, некои ќе бараат повеќе трпение, а некои ќе нè натераат повторно да учиме и да се приспособуваме. Но, зарем не е тоа суштината на образованието - да не престанеме да растеме, дури и кога мислиме дека веќе знаеме доволно?

Училиштето не е само зграда во која се среќаваат наставните содржини и младите умови. Тоа е градина во која секое дете носи свое семе, секој наставник е чувар на светлината, а секој родител е дел од коренот што му дава сила на дрвото да расте. И колку и да е добар планот за градината, таа нема да процвета ако некој не ја наводнува со внимание, разбирање и љубов.

Ниту една концепција сама по себе не може да направи чудо. Но, луѓето што веруваат во неа и се подготвени да ја претворат во дело можат да направат многу.

Затоа, оваа учебна година нека не биде само нов распоред на часови, нови учебници и нови обврски. Нека биде можност повторно да си подадеме рака, да ги надминеме недоразбирањата, да ги слушнеме децата и да се потсетиме дека образованието не е трка во која е важно кој прв ќе стигне до целта, туку заедничко патување на кое никој не треба да остане зад нас.

На учениците им треба простор да прашуваат и храброст да грешат. На наставниците - доверба, поддршка и слобода да го разбудат најдоброто во секое дете. На родителите - верба дека училиштето и семејството не се две спротивставени страни, туку два брега меѓу кои се гради мостот кон иднината.

Можеби не можеме да го промениме сè она што не зависи од нас. Но можеме да го промениме начинот на кој се однесуваме едни кон други, колку сме подготвени да вложиме од себе и дали ќе избереме да бидеме набљудувачи на промените или нивни активни создавачи.



ТИЈАНА ГОЦКОВА
Медалот е само резултат – вистинската победа е она што го носиш со себе

Кога првпат го облече кимоното и кои беа мотивите да започнеш со карате?

Започнав да тренирам карате на 13 години. Можеби најдобро е да се започне со спорт уште од најмала возраст, но мислам дека и 13 години сепак е добра возраст за сериозно да се посветиш на спортот. Го одбрав карателто бидејќи за мене тоа беше нешто ново и сакав да пробам нешто поразлично.



Кој момент од твојата карате-кариера го паметиш како пресвртница и зошто?

Тоа беше моментот кога почнав да вежбам во ката-тим со Јована и Симона. Кога вежбаш тимски е многу важно да внимаваш и да се согласуваш со другите. Тогаш трите заедно настапивме за прв пат на државно првенство и успеавме да се пласираме на Балканско првенство.





Имаш настапувано и на натпревари во земјава и надвор од неа. Кој успех ти значи најмногу – иако можеби не е најголемиот медал?
Најмногу ќе го паметам настапот на Европското првенство во Полска како тим. Иако можеби не зедовме медал, успеавме да се избориме за седмото место, покрај огромната конкуренција. Никој најпрво не веруваше дека ќе стигнеме до таму, бидејќи немавме доволно искуство. Најмногу овој натпревар ќе го паметам по сите луѓе што ги запознав и новите другарства. Исто така тоа е еден многу посериозен натпревар, овде ја претставуваш државата.

Колку карате помага во психофизичкиот развој на личноста?
Карате е еден прекрасен спорт за сила, кондиција, координација, исто така и за концентрација, самодоверба и самоконтрола. Мене најмногу ми помогна да стекнам самодоверба и да се изградам како личност, ме направи подисциплинирана и поистрајна.

Колку од твоите успеси се резултат на талент, а колку на дисциплина, тренинг и одрекување?
Талентот е важен, но сам по себе не е доволен. Успесите доаѓаат од редовни тренинзи, дисциплина и желба. Многу повторувања, грешки и враќање на тренинг и кога не ти се тренира.

Како изгледаше еден твој обичен ден во периодот кога активно трениреше карате, паралелно со училишните обврски?
Станував рано за на училиште и се враќав дома подоцна, затоа што сум ученик од населено место кое е триесеттина километри оддалечено од Гевгелија. Веднаш после училиште одев на тренинг. Тренингот траеше два час, а често и повеќе, особено кога се спремав за поважни натпревари. Кога се враќав дома имав време да се средам и да учам. Кога имав повеќе за учење останував будна и до подоцна, но некако секогаш успевав да балансирам сè.





Од што сè мораше да се откажеш како тинејџерка за да можеш сериозно да се занимаваш со спорт?
На многу излегувања и дружби со другарите и поминато време со семејството. Но, не би кажала дека се било жртва, многу од најубавите спомени и дружби ми се токму од карате.

Во април годинава стави крај на активното занимавање со карате. Што беше најтешко во одлуката да престанеш?
Најтешко беше да се збогувам со нешто што беше дел од моето секојдневие долго време. Не само со тренинзите, туку со цел тим, натпреварите и целата рутина.

Дали човек престанува да биде каратист кога ќе престане да се натпреварува?
Не мора. Каратист не е само човек кој оди на натпревари. Тоа останува како дел од карактерот, навиките и начинот на размислување.

Кога денес ќе ги погледнеш медалите и признанијата, дали прво гледаш на успехот или на сите часови тренинг што стојат зад нив?
Медалот е само резултат. Зад него стојат безброј тренинзи, натпревари, радост и разочарувања. Тие за мене значат повеќе отколку само освоено место.

Како твоите родители и најблиските ја доживуваа твојата спортска приказна?
Тие секогаш ми беа најголемата подршка и инспирација. И семејството и другарите, секогаш беа до мене за разговор и мотивација.

Дали имаш чувство дека по завршувањето на средното училиште започнува едно ново „натпреварување“ – овојпат животно?
Да, дефинитивно. Овој натпревар ќе биде многу поважен за мојата иднина.
Мислам дека животот станува многу посериозен кога ќе го напуштиме училиштето.



Која е најважната лекција што ја носиш со себе од сите овие години?
Најважна лекција е упорноста. Научив дека вложениот труд секогаш се исплаќа и дека не треба да се откажувам пред првата препрека и да се разочарувам.

Дали планираш некогаш повторно да му се вратиш на карате – можеби не како натпреварувачка, туку како тренерка или на друг начин?
Засега не планирам повторно да продолжам со карате, ниту како натпреварувач, ниту како тренер. Мислам дека тоа беше еден важен период од мојот живот во кој научив многу и стекнав многу искуства. Тој период е завршен и сакам да се посветам на нешто ново и поинакво, надвор од спортот.





ЕДЕН ДЕН БЕЗ ТЕЛЕФОН

АВТОР: ТИЈАНА АТАНАСОВА

Да бидеме искрени: кога последен пат поминавте цел час без да го погледнете екранот, без да го погледнете телефонот? Денес, телефонот не е само обичен уред, туку вистинско продолжение на нашата рака. Прашањето „можеме ли да издржиме цел ден без него?“ на прв поглед звучи лесно, но кај повеќето веднаш предизвикува паника. Сепак, одговорот е јасен: да, можеме, а тоа денес ни е потребно повеќе од кога било повеќе.

Замислете го тој ден. Утрото започнува мирно, без ритуалното „скролање“ на TikTok и Instagram уште пред да се освестите и да сфатите каде се наоѓате. Наеднаш, времето како да забавува. Наместо да зјапате во екранот додека доаѓате на училиште (и да ризикувате да се сопнете од некој тротоар), конечно ќе ги забележите луѓето околу вас или едноставно ќе ги дослушате сопствените мисли.



Дури отпосле доаѓа големиот тест. Помислете малку: без опцијата да се „криеме“ зад телефоните и да се правиме „многу зафатени“ кога ни е досадно, ќе бидеме принудени на вистинска социјализација. Ќе мораме да се погледнеме во очи, да се насмееме на жива шега (а не на некое meme со мачки) и искрено да си направиме муабет. Конечно ќе можеме сосема лабаво да му се препуштиме на моментот, без на секои две минути некое известување да ни го расипува мирот.

Секако, ќе има и смешни маки. Како ќе се договориме за кафе после школо без групен chat? Со знаковен јазик или пак со писма? Како ќе дознаеме колку е часот без дигитален екран? Па, зарем оние стрелкине на ѕидниот часовник не значат ништо? Ха, ха! Но, токму тие ситни пречки ќе нè потсетат на креативноста од времето кога луѓето функционираа сосема нормално и без Wi-Fi.

Затоа, еден ден без телефон не е казна, туку еден вид подарок. Затоа, те предизвикувам: остави го телефонот настрана барем еден сосема обичен ден. Најубавите нешта во животот немаат филтри, ниту пак се случуваат на екранот – тие се случуваат токму тука, пред нашите очи. Не вреди ли да се проба?





МУЗИКАТА ЗБОРУВА ВО НАШЕ ИМЕ

АВТОР: ЈОВАН ГРОЗДАНОВ

Музиката зборува многу за културата во која настанува, но што ни кажува за поединецот? Дали навистина го открива нашиот карактер или ние ѝ ја одземаме таа можност?

Често ги делиме луѓето според музиката што ја слушаат. Љубителите на народната музика ги сместуваме во една група, а оние на рокот во друга. Зошто имаме потреба да ги претвораме личните вкусови во општествени категории?

Можеби музиката е само начин на кој ги препознаваме луѓето што веќе делат слични вредности. Но, понекогаш се случува и обратното: не ја избираме музиката затоа што ја сакаме, туку затоа што сакаме да бидеме прифатени. Таа престанува да биде израз на нашиот внатрешен свет и станува средство за создавање идентитет што ќе им се допадне на другите.

Тогаш, што кажува музиката што ја слушаме за нас?

Можеби ништо, ако не сме ѝ дозволиле да биде гласот на нашата слобода. Ја претвораме во марионета, а потоа самите ѝ го позајмуваме гласот на општеството.

Ова не се однесува само на музиката. Истото го правиме со нашите желби, интереси, ставови, па дури и со начинот на кој живееме. Ги потиснуваме сопствените стремежи за да позајмиме туѓи, верувајќи дека така полесно ќе бидеме прифатени. Но, сè што е позајмено еден ден мора да се врати.

А кога ќе го вратиме, што останува од нас?

Можеби најголемата загуба не е тоа што сме останале без туѓите желби, туку тоа што претходно сме ги уништиле сопствените.

Затоа, слушај ја музиката што навистина ја сакаш. Гледај ги филмовите што те допираат. Застапувај ги ставовите во кои веруваш. Не затоа што мораш да бидеш различен од другите, туку затоа што не мораш да бидеш нивна копија.

Слободата не е да му се спротивставуваш на мнозинството, туку да не се предаваш себеси за да му припаѓаш.

Како што нè потсетува Марко Аурелиј, вистинското спокојство го наоѓаме кога помалку се занимаваме со туѓите мисли и постапки, а повеќе со сопствените.

Можеби тогаш музиката повторно ќе стане она што отсекогаш требало да биде — не ознака по која другите ќе нè препознаваат, туку тивок глас преку кој ќе се препознаеме самите себеси.



ИНТЕРВЈУ СО **АНДРИЈАНА ЏИНОВА** - ПРОФЕСОРКА
ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КАРИЕРЕН СОВЕТНИК

Кога учењето станува вистинска комуникација



АВТОР: ЛЕАНА ЈАНКОВСКА

Како изгледа вашата подготовка пред започнување на еден наставен час?

Пред секој час размислувам што сакам учениците да научат, но и како тоа знаење најлесно и најинтересно ќе го достигнат. Го планирам текот на часот, ги избирам активностите и материјалите и се обидувам да предвидам каде би можеле да се појават тешкотии. Сепак, секогаш оставам простор за флексибилност, бидејќи понекогаш реакцијата на учениците е најдобриот показател дека треба нешто да промениме во моментот.

Како одредувате на кој начин ќе ја предавате одредена наставна единица?

Тоа зависи од самата содржина, од целта на часот, но и од учениците. Не може секоја лекција да се предава на ист начин. Понекогаш е потребно објаснување и вежбање, а понекогаш многу повеќе помагаат разговор, игра, работа во парови или групи, видео или некоја практична задача. Особено кај странскиот јазик сакам учениците да не го учат јазикот само како правила, туку да го користат за вистинска комуникација.

Кои начини ги користите за да ги заинтересирате и мотивирате учениците за време на часот?

Се обидувам англискиот јазик да го доближам до нивниот свет. Темите, примерите и активностите ги поврзувам со она што им е блиско и интересно – музика, филмови, социјални мрежи, патувања, секојдневни ситуации. Користам квизови, игри, кратки видеа, дискусии и тимска работа. Но, мислам дека најважно е учениците да почувствуваат дека нивниот глас е важен и дека на часот имаат можност да бидат активни, а не само да слушаат.

Како го прилагодувате наставниот процес на ученици со различно ниво на знаење и способности?

Секој ученик има свое темпо и свој начин на учење. Затоа се обидувам да давам задачи со различна тежина и, кога е потребно, дополнителна поддршка или дополнителен предизвик. Некогаш учениците работат во парови или групи, бидејќи и меѓусебната помош може многу да придонесе за учењето. За мене е важно секој ученик да почувствува дека може да напредува и дека неговиот успех не мора да се споредува со успехот на другите.

На кој начин проверувате дали учениците ја разбрале наставната материја?

Најчесто тоа го правам во текот на самиот час, а не само преку тестови. Поставувам прашања, набљудувам како работат, барам да објаснат нешто со свои зборови или да применат ново знаење во конкретна ситуација. Кога учениците самостојно ќе употребат нешто што сме го изучувале, за мене тоа е еден од најдобрите показатели дека навистина разбрале.



Како постапувате кога учениците не се активни или не покажуваат интерес за часот?

Не мислам дека секогаш причината е во учениците. Понекогаш можеби активноста не е доволно интересна, можеби е премногу тешка или едноставно не е вистинскиот момент за неа. Тогаш се обидувам да го сменам пристапот – да воведам движење, игра, работа во парови, дискусија или некоја тема поблиска до нив. Наставникот треба да биде подготвен и да го промени својот план кога ситуацијата го бара тоа.

Според Вас, што е најважно за еден наставен час да биде успешен и ефикасен?

За мене успешен час е оној на кој учениците не се само присутни, туку навистина учествуваат. Важно е да постои јасна цел, добра атмосфера и взаемна почит, но и простор за љубопитност, прашања и грешки. Особено во изучувањето странски јазик, сакам учениците да се ослободат од стравот дека ќе згрешат. Ако ученикот се осмели да зборува, да проба и да погреши, а потоа да научи од грешката – тогаш мислам дека часот ја постигнал својата цел.





25 СЕПТЕМВРИ
Ден на фармацевтите

Фармацијата е многу повеќе од професија – таа е спој на знаење, наука, одговорност и хуманост. Учениците од профилот Фармација со нивните ментори работно го одбележаа Денот на фармацевтите.
Ученици учат, истражуваат и стекнуваат знаења и вештини кои утре ќе им овозможат да бидат професионалци на кои луѓето ќе им веруваат. Затоа што зад секој лек стои знаење, зад секоја правилна препорака стои одговорност, а зад секој фармацевт стои желбата да помогне.













Забен техничар

Нов кабинет за профилот Забен техничар

Секторорот Здравство и социјална заштита при СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија доби нова современа лабораторија о која учениците ќе ја изведуваат својата практична обука. Овој профил кој од минатата учебна година е нов во училиштето ги почитува професионалните стандарди од оваа област:

Забниот техничар изработува висококвалитетни и естетски фиксно протетички конструкции фасетирани со композитни и порцелански маси, Empress безметални порцелански коронки, мостови, вестибуларни фасети, инлеи и онлеи, протетички конструкции изработени со CAD-CAM технологија, комбинирани протетички конструкции - наменски коронки со современи ретенциони елементи и скелетирана парцијална протеза како супраструктура, мобилни тотални и класични акрилатни парцијални протези. Тој ја планира и организира својата работата во заботехничка лабораторија и ги координира своите активности со стоматолошкиот тим, ги подготвува соодветните апарати, инструменти, материјали и помошни средства за изработка на различни видови забно-протетички помагала, води медицинска документација и евиденција и обработува податоци.

Забниот техничар работи ефикасно како дел од тим и во секое време, дејствува во рамките на должностите делегирани од страна на стоматологот и под негов надзор. Има навремен, совесен и одговорен пристап кон пациентите и работи во рамките на насоките за доверливост. Секогаш дејствува во рамките на надлежностите, следејќи ги релевантните стандарди и важечките протоколи, но истовремено е во можност да направи ревизија на својот начин на работа со цел да ги подобри своите знаења.



УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН

КЛУБ ЈОСКА

СОУ „ЈОСФ ЈОСИФОВСКИ“
ГЕВГЕЛИЈА



WWW.JOSIFJOSIFOVSKI.EDU.MK